РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
БР. 04-374
21.09. 2022 год.
Битола

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА
NI National Theatre Bitola

*Национална установа Народен театар Битола*
*Ул. Широк Сокак бр.60*
*Б и т о л а*
*Тел./факс 047 / 55 22 44*
e mail>teatarbt@hotmail.com

Врз основа на член 77-а став 1 ал.2 и 77-и од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија " бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 6 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18), член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги, начинот на спроведување на селекција за унапредувањето, како и начинот на нивно бодување, Годишниот план за вработување за 2022 година на НУ Народен театар Битола и известувањето за обезбедени финансиски средства на Министерството за финансии бр. 18-3617/2 од 15.04.2022 година, НУ Народен театар Битола објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.01/2022**
**За пополнување на работно место со унапредување**

Националната установа Народен театар-Битола објавува Интерен оглас за пополнување на следното работно место:

**1. КУЛ 03 04 Б01 001 Драматург, Служба – Уметнички и соработнички кадар Категорија Б - уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела.................................................................................................1 (еден) извршител**

За пополнување на работно место, кандидатот треба да ги исполни следниве општи услови:

- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Покрај општите услови за пополнување на работно место кандидатот треба да ги исполни и посебните услови утврдени во актот за систематизација на работните места

- ниво на образование 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен: Драмски уметности, наука за книжевноста;

- работно искуство  од најмалку пет години работно искуство во струката,

Други посебни работни компетенции потребни за работното место:

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Работно време: понеделник до петок од 7.30 часот - 15.30 часот

Месечна нето плата:  41 970 денари

Рок за доставување на пријавата за унапредување: 15 (петнаесет дена) од денот на објавување на веб страната на НУ Народен театар Битола.

Заинтересираните кандидати пополнетата пријава за унапредување заедно со CV и останатите докази ја доставуваат лично во архивата на Театарот или на адреса „Широк Сокак“ бр.60 Битола со назнака „За интерен оглас бр.01/2022“ или на електронската адреса teatarbt@hotmail.com.

Изборот на кандидат ќе се направи после спроведување на постапка за селекција (интервју) на пријавените кандидати најдоцна 10 (десет) дена од истекот на рокот за поднесување на пријавата.

Ненавремени, неуредни и нецелосни пријави со сите потребни докази нема да се разгледуваат.

Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА

Директор,
Иван Јерчик